Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Дваесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 декември 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:00 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**-Усвојување на Записникот од 24-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2020 година**

1. Записник од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 декември 2020 година

2. Информација за финансиската состојба на АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје во услови на пандемија со COVID-19 и стопирање на финансиските услуги поради стечај на „Еуростандард банка“ АД Скопје

3. Предлог-одлука за давање согласност за прифаќање на Конечната понуда на „Халкбанк“ АД Скопје, склучување на Договор за соработка помеѓу АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје и „Халкбанк“ АД Скопје и Договор за утврдување на висината на надоместоците за вршење на услуги во АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје во име и за сметка на „Халкбанк“ АД Скопје

4. Годишна програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година, со Предлог - одлука

5. Информација за формирање на меѓуресорска работна група за измена и дополнување на Законот за заштита и спасување

6. Предлог - одлука за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и општините Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Охрид, Кочани, Штип и Гостивар

7. Предлог - одлука за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и општините Кавадарци, Гевгелија, Штип, Тетово, Куманово и Струмица

8. Предлог - одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-55/20 КП бр.5604/1 КО Охрид)

9. Информација за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди ½ идеален дел за продажба на одземен недвижен имот на другите сосопственици на

недвижниот имот (запишан во Имотен лист бр.449 за КО Центар 1 на КП 8346/1, Имотен лист 98060 за КО Центар 1 на КП 8346/6, Имотен лист 104180 за КО Центар 1 на КП 8346/7 и Имотен лист 112547 за КО Центар 1 на КП 8346/1)08-3172/1, со Предлог-одлука

10. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, по скратена постапка

11. Предлог на закон за развој, производство и промет на воени стоки

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки

14. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух (*)

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за водите

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми

20. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

21. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

22. Информација за Извештајот од Проценката за управувањето со јавни инвестиции (ПИМА) во Република Северна Македонија со Предлог акциски план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции

23. Информација за Нацрт - извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2020 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – август 2020 година, со Нацрт-извештај

24. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година

25. Информација за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог-одлука и Физибилити студија

26. Информација за реализација на потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД 19 кризата, во раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија, со идејно-технички проекти за ревитализација на Преспанско Езеро и Дојранско Езеро, со Предлог - одлука

27. Предлог на закон за лобирање

28. Предлог на закон за преземање на административни службеници вработени преку К-5 Програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, по скратена постапка

29. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Атина на адреса: „Evrou 25, 11627, Athens", добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

30. Информација за листа на документи и информации кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници

31. Информација за започнување на постапка за раскинување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР)

32. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Гевгелија (скенер)

33. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено-поправен дом Штип (скенер)

34. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено-поправен дом Прилеп (скенер)

35. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Скопје (скенер)

36. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово (скенер)

37. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Тетово (скенер)

38. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Охрид (скенер)

39. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Струмица (скенер)

40. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Куманово (скенер)

41. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година

43. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Грин бокс култивација“ ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

44. Информација за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион

45. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Програма Т – инвестиции во образование, потпрограма ТА – изградба на основни училишта, сметка 637, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во изменување и дополнување на Буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година

46. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година

47. Годишен извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип 2019/2020 година

48. Решение У.бр.146/19 донесено од Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 септември 2020 година, за поведување

постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 25 ставови 2 и 3 од Упатството за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.65/07 и 133/16)

49. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.268/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 став 2 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.59/2000, 26/2001, 13/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016, 140/2018 и 98/2019), поднесена од Тодор Петров, претседател на Светски Македонски Конгрес

50. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.260/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за избор на Владата на Република Северна Македонија, бр.08-2744/1 од 30 август 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.210/2020)

51. Иницијатива поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.269/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа

52. Иницијатива поднесена од Адвокат Игор Спировски од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.298/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20)

53. Кадровски прашања

54. Прашања и предлози

55. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Бразилија на адреса: „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia", доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ

56. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот-градежен плац во Анкара во дипломатската населба Оран, добиен во сопственост на Република Северна Македонија врз основа на Протокол за реципрочна размена на плацови за градба на дипломатски објекти од 1997 година со Република Турција

57. Информација за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија

58. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година

59. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година

60. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура

61. Информација за поддршка на граѓаните и бизнисите во справување со корона кризата , со предлог – одлуки

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 ноември 2020 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Записникот од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 декември 2020 година и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Четиринаесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 7 декември 2020 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести, односно го прифати Протоколот за постапување при полагање на стручен испит за наставници и стручни

соработници во тек на пандемијата со COVID-19, доставен од Државен испитен центар, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на АД „Пошта на Северна Македонија“ Скопје во услови на пандемија со КОВИД 19 и стопирање на финансиските услуги, поради стечај на „Еуростандард банка“ АД Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за давање согласност за прифаќање на Конечната понуда на ХАЛКБАНК АД Скопје, склучување на Договор за соработка помеѓу АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје и ХАЛКБАНК АД Скопје и Договор за утврдување на висината на надоместоците за вршење на услуги во АД „Пошта на Северна Македонија“ – Скопје во име и за сметка на ХАЛКБАНК АД Скопје и условно ја донесе Одлуката, со заклучок Министерството за финансии, Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост – Скопје и Секретаријатот за законодавство да го усогласат текстот на материјалот (посебно во делот на основот за донесување на Одлуката од Управниот одбор и Одлуката за давање согласност, согласно позитивни законски прописи).

**Точка 4**

Владата го разгледа новиот текст на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година и го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на меѓуресорска работна група за измена и дополнување на Законот за заштита и спасување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од 10 дена да формира меѓуресорска работна група, со цел подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана-Сектор за правни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за правда и Дирекцијата за заштита и спасување, во рок од седум дена да достават до Министерството за одбрана номинација на по еден претставник во меѓуресорската работна група.

3. Се задолжува Министерството за одбрана во рок од еден месец до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на Министерството за труд и социјална политика (со укажување во меѓуресорската работна група да се номинираат и претставници од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и ЈЗУ Медицина на труд).

<u>Точка 6</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и општините Битола, Куманово, Тетово, Прилеп, Велес, Кавадарци, Гевгелија, Струмица, Кичево, Охрид, Кочани, Штип и Гостивар, во предложениот текст.

<u>Точка 7</u>

Владата ја донесе Одлуката за распоредување на набавената противпожарна опрема на Градот Скопје и општините Кавадарци, Гевгелија, Штип, Тетово, Куманово и Струмица (нов текст), во предложениот текст.

<u>Точка 8</u>

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-55/20), во предложениот текст.

<u>Точка 9</u>

Владата ја симна од дневен ред Информацијата за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди ½ идеален дел за продажба на одземен недвижен имот на другите сосопственици на недвижниот имот (запишан во Имотен лист бр.449 за КО Центар 1 на КП 8346/1, Имотен лист 98060 за КО Центар 1 на КП 8346/6, Имотен лист

104180 за КО Центар 1 на КП 8346/7 и Имотен лист 112547 за КО Центар 1 на КП 8346/1) 08-3172/1, со Предлог-одлука, имајќи го предвид укажувањето изнесено од секретарот на Секретаријатот за законодавство (потребно е соодветно законско доуредување на ова прашање).

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за унапредување на основното образование, по скратена постапка го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими министер за финансии, Мила Царовска, министер за образование и наука и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници м-р Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за развој, производство и промет на воени стоки го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Емил Димитровски, директор на Управата за наменско производство.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучава во животната средина, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за планински патеки, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (*), го утврди и

заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за водите, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за генетски модифицирани организми, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 20**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, со заклучок текстот на Програмата да се усогласи редакциски со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година и условно ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот од Проценката за управувањето со јавни инвестиции (ПИМА) во Република Северна Македонија со Предлог-акциски план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции.

2. Се задолжува Министерството за финансии да формира работна група за имплементација на Акцискиот план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции со претставници од сите институции наведени во заклучокот број 3.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за законодавство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за култура, Министерството за правда - Управа за извршување санкции, Министерство за локална самоуправа, а се

укажува на АД ЕСМ, АД МЕПСО, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, АД „Национални енергетски ресурси“, а се препорачува на Државниот завод за ревизија, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и други институции по потреба, да достават до Министерството за финансии номинација на членови во работната група за имплементација на Акцискиот план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции, во рок од 10 дена.

4. Се задолжува Министерството за финансии до 31 март во тековната година, да доставува годишни извештаи до Владата за остварениот напредок во реализацијата на Акцискиот план за спроведување на препораките од Проценката за управувањето со јавни инвестиции во претходната календарска година.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за Нацрт - извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за 2020 година за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – август 2020 година, со Нацрт – извештај, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии, Министерството за економија, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Бирото за јавни набавки и Државниот завод за статистика, а им препорача на Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државниот завод за ревизија да ја интензивираат реализацијата на активностите од Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2020 година.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за воспоставување на интегриран систем за управување, мониторирање, следење и контрола на акцизни добра, со Предлог – одлука и Физибилити студија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на потпрограма П1 – Мерки за справување со COVID-19 кризата, во раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија, со идејно-технички проекти за ревитализација на Преспанско Езеро и Дојранско Езеро, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за прераспределба на средства во висина од 74.000.000 денари од програма П - Мерки за справување со COVID-19 кризата, потпрограма П1 – Мерки за справување со COVID-19 кризата, ставка 464 – разни трансфери, на програма 1 – Администрација, потпрограма 10 – Администрација, ставка 488 – Каптилани дотации до ЕЛС, за чистење на Преспанско и Дојранско Езеро.

2. Ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

3. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна Одлука со која во рамки на раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија ќе се отвори посебна наменска сметка на која би се трансферирале средствата за исплата на плата за декември 2020 година, усогласена со Секретаријатот за законодавство, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Предлогот на закон за лобирање, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници Фросина Тасевска, државен секретар во Министерството за правда и Мимоза Киковска-Стојменова, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 28**

Владата го разгледа Предлогот на закон за преземање на административни службеници вработени преку К-5 Програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, по скратена постапка и согласно предлозите изнесени при расправата на седницата го утврди со следните заклучоци:

1. Во член 1 став 1 од текстот на Предлогот на закон да се изземат акционерски друштва во државна сопственост и судовите (согласно опфатот на институциите од Законот за вработени во јавниот сектор).

2. Во член 1 став 2 од текстот на Предлогот на закон, рокот 31 декември 2020 година да се замени со рок 31 декември 2019 година.

3. Член 5 од текстот на Предлогот на закон да се преформулира, во соработка со Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација во насока раководните лица во институциите од членот 1 на овој

закон, актите за внатрешна организација и актите за систематизација на работните места да ги предложат за усогласување (да ги започнат постапките) со одредбите од овој закон во рок од 30 дена од денот на усвојувањето на Планот за преземање од членот 4 на овој закон.

4. Во член 6 од текстот на Предлогот на закон зборовите „во рок од шест месеци“, се бришат.

5. Пречистениот текст на Предлогот на закон за преземање на административни службеници вработени преку К-5 Програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Илхан Рахман, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, а за повереник Рами Ќерими, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Атина на адреса: „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи да продолжи со активности за решавање на статусот на имотот во Атина на адреса: „Evrou 25, 11627, Athens“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, согласно опцијата 1 од Информацијата (Објектот да се реновира и надгради за што веќе е изработен идеен архитектонски проект).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за листа на документи и информации кои имателите на информации се обврзани да ги објават на своите веб-страници и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата, органите во состав на министерствата, самостојните органи на државната управа, самостојните државни органи кои одговараат пред Владата, јавните претпријатија основани од страна на Владата, акционерските друштва во државна сопственост, како и другите иматели на информации кои одговараат пред Владата во рок од 30 дена од усвојувањето на оваа

информација на своите веб-страници да ги објават документите и информациите наведени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

2. Се препорачува на сите иматели на информации опфатени во заклучокот број 1 на своите веб-страници редовно да објавуваат анонимизирани барања за пристап до информации од јавен карактер, заедно со одговорите кои ги доставиле до барателот, со цел тие да можат да бидат повторно употребувани и од други физички и правни лица.

3. Се препорачува на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, како и на имателите на информации основани од нив во рок од 30 дена на своите веб-страници да ги објават документите и информациите кои се предвидени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Истовремено Владата ги информира дека почетокот на реализацијата на капиталните инвестиции за нови проекти од 2021 година на централниот Буџет, како и почетокот на реализацијата на Програмата за проекти од јавен интерес пренаменети од средствата на ТАВ за изградба на карго аеродром во Штип, Програмата за локални патишта од Светска банка, Програмата за водовод и канализација од Европската инвестициона банка и Програмата за енергетска ефикасност, ќе бидат условени од почитувањето на претходно дадената препорака.

4. Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи не се обврзани да ги објавуваат податоците кои претставуваат класифициран податок согласно Законот за класифицирани информации, како и податоците за јавни набавки за кои се предвидуваат исклучоци од општиот режим на јавните набавки согласно Законот за јавни набавки.

5. Се задолжува Националниот координатор за одговорно владеење и транспарентност да го следи спроведувањето на овие заклучоци и на секои три месеци да доставува извештај за усогласеност до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за раскинување на Договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со приватниот партнер да утврдат начин и да преземат правни дејства

за спогодбено раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР).

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, доколку не се постигне согласност со приватниот партнер за спогодбено раскинување на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерски итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР), да поведе постапка пред надлежните органи за еднострано раскинување на Договорот, на начин и во постапка како што е уредено со Договорот и за тоа да ја извести Владата во рок од 30 дена.

## Точка 32

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Гевгелија (скенер), во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Штип (скенер), во предложениот текст.

## Точка 34

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Казнено-поправен дом Прилеп (скенер), во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Скопје (скенер), во предложениот текст.

## Точка 36

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Воспитно -поправната установа Воспитно-поправен дом Тетово (скенер), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Тетово (скенер), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Охрид (скенер), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Струмица (скенер), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Затвор Куманово (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење преглед за умрени лица за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Грин бокс култивација ДОО Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за

производство, трговија и услуги Грин бокс култивација ДОО Скопје, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во Програмата за изработка на урбанистички планови за 2021 година да предвиди финансиски средства за изработка на Урбанистички план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро (прва А и прва Б заштитна зона), што ќе го изработи Агенцијата за планирање на просторот.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од 30 дена да ја извести Владата за работата на Работната група за изработка на акциски план за постапување по Инвентарот за бесправно изградени објекти и спроведување на соодветните студии за оценка на влијанието врз животната средина и културното наследство.

3. Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Управата за заштита на културното наследство во рок од 30 дена да изврши ревидирање на Правилникот за валоризација, ревалоризација и категоризација на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/05 и 130/13) и Ревидирање на Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторските основи за културното наследство („Службен весник на Република Македонија “ бр. 111/05).

4. Се задолжува Министерството за култура во рамки на буџетот на Министерството за култура за 2020 година да обезбеди дополнителни средства за работа на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство и да предвиди соодветен буџет за фискалната 2021 година, согласно потребите за непречена работа на Комисијата.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена да ја информира Владата за преземените активности околу изработката на Студијата за ревалоризација и донесување на Закон за прогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје и за изработка на План за управување со заштитеното подрачје.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена да ја информира Владата за статусот со донесувањето на закон за прогласување на Студеничишко блато за заштитено подрачје и за изработка на План за управување со заштитено подрачје.

7. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство и на Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, до донесувањето на новите детални-урбанистички планови за Охридскиот регион кои ќе бидат усогласени со Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (2020-2029), условите за изградба на објекти односно за преземање на мерки на непосредна заштита со кои непосредно или посредно се нарушува интегритетот на заштитеното добро, односно заштитеното подрачје, задолжително да содржат заштитно-конзерваторски услови, кои ги издава Управата за заштита на културното наследство, а ги изработува НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид.

8. Се укажува на општините Охрид, Струга и Дебрца, при издавање на условите за изградба на објекти што се лоцирани во подрачјето за кое што се уште не се усогласени важечкиот урбанистички план да ги соопштуваат условите согласно Планот за управување, истите задолжително да содржат заштитно-конзерваторски услови, кои ги издава Управата за заштита на културното наследство, а ги изработува НУ-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид.

9. Се укажува на Управата за заштита на културното наследство при одлучување на барања за издавање на конзерваторско одобрение за преземање на мерки на непосредна заштита во Охридскиот Регион да ги има предвид режимите за заштита утврдени во Планот и по барањата за конзерваторско одобрение задолжително претходно да издава заштитно-конзерваторски услови.

10. Се укажува на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство, во постапката на донесување на одлуки кои се од нејзина надлежност да ангажира/консултира и стручни лица од соодветните области (архитекти, конзерватори, научни работници, урбанисти/планери), а со цел за постручно и поефикасно работење на Комисијата.

11. Се укажува на Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Охрид, во рок од 60 дена да изработи и до Управата за заштита на културното наследство да достави Елаборат за ревалоризација на културното наследство на Охридскиот Регион и елаборат за ревалоризација на културното наследство во состав на споменичката целина Старо градско јадро на Охрид усогласени со Планот за управување.

12. Се укажува на Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца при изработката на урбанистичките планови за села чиишто опфат навлегуваат во опфатот на урбанистичкиот план од државно значење за I-A и I-Б зона, задолжително да ги усогласат планските програми со Агенцијата за планирање на просторот, заради навремена координација и синхронизација

13. Се укажува на Општина Охрид, Општина Струга и Општина Дебрца да започнат постапки за изменување и дополнување на урбанистичките планови од надлежност на нивната општина со цел нивно усогласување со Планот за управување. Во постапките за изменување и дополнување на урбанистичките планови

задолжително да се има предвид мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство.

14. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, поддржана од Министерството за надворешни работи и Националната комисија за УНЕСКО редовно да комуницира со Центарот за светско наследство и стручните тела на УНЕСКО за степенот на реализација на препораките и активностите кои државата ги презема во насока на зачувување на статусот на Светско наследство на природното и културното наследство во Охридскиот Регион.

## Точка 45

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Програма Т – инвестиции во образование, Потпрограма ТА – изградба на основни училишта, сметка 637, ставка 488-капитални дотации до ЕЛС во изменување и дополнување на буџетот на Министерството за образование и наука за 2020 година, со заклучок текстот на истата номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 46

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Предметниот извештај е во функција на исполнување на обврската согласно член 156 алинеја 9 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.152/19 и 275/19), според кој Државниот совет за превенција на детско престапништво подготвува годишни извештаи.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2019 година.

Притоа:

- Се укажува на Државниот совет за превенција на детското престапништво динамиката на активностите да ја планира согласно обезбедените средства во координација со Министерството за правда.

- Во извештајот не може да се забележи дека со било кои активности Државниот совет за превенција на детско престапништво влијаел на подобрување на детската благосостојба (од аспект на промовирани кампањи, усогласени практики, посредување во надминување проблеми со кои се соочуваат институциите во примена на законот за правда за децата).

## Точка 47

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2019/2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно одредбите од Законот за високото образование, ректорот е должен најмалку еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот.

Годишниот извештај за работата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, не ги содржи потребните податоци.

Во Годишниот извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за 2019/2020 година се дадени статистички податоци почнувајќи од академската 2013/2014 година до академската 2019/2020 година со статистички податоци - графикони за број на студиски програми, број на запишани студенти на прв, втор и трет циклус на студии.

Потребно е Годишниот извештај за работата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да ги содржи следните податоци:

- Извештај за работата на ректорот на Универзитет „Гоце Делчев во Штип за академската 2019/2020 година,
- Вработувањата на неопределено работно време/хонорарен договор за работа, унапредувањата на академскиот кадар, капиталните инвестиции, точниот број на вработени во Универзитетот (администрација и академски наставен кадар),
- Финансиски извештај за предвидените и потрошените средства по сметки и по намена;
- Одлука од Сенатот за усвојување на годишниот Извештај за работа на ректорот.

Доставениот Годишен извештај за работата на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за академската 2019/2020 година, се смета дека е извадок од Билтенот на Универзитетот, чија содржина е повеќе информативна, односно за активностите на Универзитетот.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека за да даде мислење за Годишниот извештај за работата на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, за академската 2019/2020 година, потребно е Универзитетот да достави извештај кој ќе ги содржи горенаведените податоци, како и задолжително прикажување на финансиските показатели на работењето на Универзитетот, во смисла на доставување на кумулативни финансиски показатели изработени согласно Правилникот за класификација на расходите.

## Точка 48

Владата го разгледа Решението У.бр.146/19 донесено од Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 септември 2020 година, за

поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 25 ставови 2 и 3 од Упатството за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.65/07 и 133/16) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата предлага оценување на уставноста на член 25 ставови 2 и 3 од Упатството за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници за кој смета дека е во спротивност со одредби од Уставот на Република Северна Македонија. Во поднесената Иницијатива укажано е дека е потребно да се измени досегашната пракса за пополнување на барање за патување во странство од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, односно бараат истите да патуваат во странство како секој друг граѓанин во државата.

Предлагачот на Иницијативата укажува дека оспорената одредба од Упатството е во колизија со одредби од Уставот на Република Северна Македонија, конкретно со членовите 9, 12 и 27 од Уставот.

Имено, членот 9 од Уставот уредува дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба и пред Уставот и законите се еднакви.

Членот 12 од Уставот, на кој упатува поднесувачот на Иницијативата, конкретно ставовите 1 и 2 на овој член, предвидуваат дека слободата на човекот е неприкосновена и истата никому не може да му биде ограничена, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон.

Во контекст на поднесената Иницијатива, подносителот особено укажува на членот 27 од Уставот, кој утврдува дека секој граѓанин на Република Северна Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште. Исто така, ставот 2 од наведениот член уредува дека секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката. Во ставот 3 е утврдено дека остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.

Од аспект на уредувањето на предметното прашање во рамки на Министерството за внатрешни работи, во Упатството за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.65/07 и 133/16), во кое се содржани оспорените одредби, барањето за патување во странство за полициските службеници е уредено на следниот начин:
Во членот 25 од Упатството, предвидено е дека полициските службеници кои времено заминуваат од подрачната организациска единица на службен пат, годишен одмор, боледување, во странство и слично, се јавуваат пред заминувањето и по враќањето на својот непосреден раководен полициски службеник. Ставот (2) од

истиот член предвидува дека полициските службеници кои сакаат да патуваат во странство заради приватна потреба поднесуваат барање во писмена форма до непосредниот раководен полициски службеник заради добивање одобрение за патување во странство. Согласно ставот (3), во случај на одбивање на барањето, причините за тоа писмено се образложуваат од страна на непосредниот раководен полициски службеник.

Донесувањето на овој подзаконски пропис е предвидено со Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), како материјален закон со кој се уредуваат полициските работи, организацијата на полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи.

Во законите кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи, односно во Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18, 108/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19 и 275/19), Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 21/18 и 64/18), како и во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.69/15, 227/15, 177/16, 197/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.269/19 и бр 279/19), со кои се уредени правата и обврските на работниците во Министерството за внатрешни работи со статус на полициски службеници и овластени службени лица, не е предвидена обврска за вработените за поднесување на барање и за одобрување на барање за патување во странство.

Наводите на подносителите на предметната Иницијатива која се однесува на повреда на одредби од Уставот, се неосновани од следниве причини:

Неспорно е дека Уставот ја гарантира слободата на човекот како неприкосновена и истата никому не може да му биде ограничена, освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон, односно дека секој граѓанин на Република Северна Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеалиште. Исто така, Уставот гарантира дека секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката, како и дека остварувањето на овие права може да се ограничи со закон, единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење на кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето.

Од аспект на утврденото решение во однос на предметното прашање во рамки на прописите на Министерството за внатрешни работи, укажуваме дека со Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, како материјални закони на Министерството, детално се уредени правата и обврските од работен однос на работниците во министерството, на оние со статус на овластени службени лица и на оние со статус на полициски службеници, како и делокругот на надлежности на Министерството за внатрешни работи.

Во овој контекст, согласно членот 2 од Законот за внатрешни работи, внатрешни работи се остварување на системот на јавна безбедност, спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, граѓански работи и други работи утврдени со овој и посебен закон, кој опфаќа остварување на системот на јавна безбедност, спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, спречување на разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост и друго.

Во Законот за полиција пак, конкретно во членот 5, утврдено е дека полициски работи се дејствија на полициските службеници што се однесуваат на:
заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела, идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело, одржување на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, контрола на движење и престој на странци, гранични проверки и граничен надзор, укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба, обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон.

Членот 6 од Законот, уредува дека полицијата укажува помош на државните органи, општините и на Градот Скопје, на правни и физички лица во спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи.
Во овој контекст, а поради видот, природата и сложеноста на внатрешните и полициските работи, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат, износот на средствата наменети за плата за извршување на истите се зголемува за 20%, односно 30%, што е уредено со овие два материјални закони (членови и 145 и 101).

Исто така, во член 165 од Законот за внатрешни работи и во член 103 од Законот за полиција, предвидено е дека кога неодложни потреби тоа го бараат, министерот, директорот на Бирото или од нив овластен работник/полициски службеник, може на работникот/полицискиот службеник да му го одложи, односно прекине користењето на годишниот одмор. Во таквите случаи, законите предвидуваат дека работникот/полицискиот службеник има право на надоместок на стварните трошоци настанати со одложувањето, односно прекинувањето на
годишниот одмор.

Согласно наведеното, уставно гарантираното право за слобода на движење на граѓаните не се доведува во прашање, со оглед дека барањето за патување во странство кое го поднесуваат работниците во Министерството, не го ограничува нивното движење вон границите на државата, туку истото е предвидено во насока на информираност на раководните лица во министерството за локацијата и достапноста на работникот во случај на потреба од негово ангажирање, односно работниците треба секогаш да бидат достапни со оглед дека раководителот во секое време може да ги повика или да им го прекине користењето на годишниот одмор. Исто така, во врска со поднесување на барањето за патување во странство, во оспорениот член 25 од Упатството, предвидено е дека во случај на одбивање на барањето, причините за тоа писмено се образложуваат од страна на непосредниот раководен работник.

Од изнесеното, неспорно е дека за спроведување на надлежностите на Министерството за внатрешни работи, од голема важност е покрај максимална ангажираност и професионалност од страна на работниците во Министерството, така и навремени и точни информации за нивната достапност и вон работното време, особено имајќи ја предвид природата на работните задачи, за чие спроведување од исклучително значење е навремено реагирање во конкретни ситуации. За таа цел, раководните лица во Министерството за внатрешни работи, потребно е во секое време да бидат запознаени со местото во кое живеат, престојуваат или патуваат работниците, односно нивна достапност во итни и неодложни ситуации кои ги налага заштитата на безбедноста на државата.

Во истиот контекст, прашањето со кое се уредува обврската на работниците во Министерството за поднесување барање за патување во странство до непосредниот раководител и негово одобрување веќе било предмет на одлучување од страна на Уставниот суд.

Имено, со Решение бр.225/1995-0-0 од 20 март 1996 година, Уставниот суд на Република Македонија, одлучи да не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 67 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.19/95, 15/97, 55/97, 38/02, 33/03, 19/04, 51/05, 84/08 и 6/09). Во предметното решение, меѓу другото наведено е дека со оглед на тоа што со оспорената законска одредба се уредува остварување на право кое е во врска со специфичниот работен однос на работниците во Министерството, при што за тоа право се овластува да одлучува министерот. Судот оцени дека не може да се постави прашањето за согласноста на член 67 од Законот со наведената уставна одредба. Понатаму, имајќи го предвид специфичниот работно-правен статус на работниците во Министерството по што овие граѓани се разликуваат од другите граѓани, Судот утврди дека пропишувањето на наведениот начин за остварување на правото за патување во странство за овие граѓани не е во несогласност со начелото на еднаквост утврдено во член 9 од Уставот на Република Македонија.

Исто така, со Решение бр.123/2006-0-0 од 15.11.2006 година на Уставниот суд, се отфрлаат иницијативите за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 62 од Правилата за начинот на однесување и меѓусебните

односи на работниците со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, бр.151-24515/1 од 13.5.2003 година, бр.13.1.1-46269/1 од 28.07.2016 година и бр.13.1.1-62891/1 од 5.10.2016 година. Имено, во предметното Решение со кое се отфрлаат иницијативите за поведување постапка за наведената одредба од правилата (кои се уште се во сила), наведено е дека поаѓајќи од правните елементи кои го определуваат прописот, а според кои тој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите на општ начин и на неопределен круг на субјекти во правото, Судот оценил дека во случајов Правилата за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластувања во Министерството за внатрешни работи, донесени од министерот за внатрешни работи, немаат карактер на пропис во смисла на изнесената уставна одредба и не се подобни за уставно-судска оцена.

И во двете наведени постапки предмет на оспорување се одредби кои се однесуваат на поднесување на барањето за патување во странство и неговото одобрување за работниците во Министерството за внатрешни работи.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, член 25 ставови 2 и 3 од Упатството за начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.65/07 и 133/16) се во согласност со Уставот и законите.

**<u>Точка 49</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.268/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 став 2 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.59/2000, 26/2001, 13/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 142/2016, 140/2018 и 98/2019), поднесена од Тодор Петров, претседател на Светски Македонски Конгрес и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на иницијативата, ја оспорува уставноста на членот 19 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што бара Уставниот суд, до донесувањето на конечната Одлука да донесе решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што се превземаат врз основа на членот 19 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што се преземаат врз основа на членот 19 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија, е беспредметно и противречно, од причина што со членот 19 став 2 во

оспорениот закон изрично е определено дека во случај на спреченост и отсуство на членот на Владата, на седницата на Владата може да присуствува и одлучува заменикот на министерот кој го заменува членот на Владата со сите негови права, должности и одговорности и истиот се засметува во мнозинството присутни како да е присутен членот кој го заменува.

Целта на оспорениот член 19 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) е создавање на непречено функционирање на извршната власт и државните институции согласно домашните и меѓународни стандарди.

Имено, Влада е највисока форма на директна демократија, особено заради темелната вредност владеење на правото и поделба на власта на законодавна, извршна и судска, а поради потребата за извршување на надлежностите, без да се остави простор за сомнеж за пречекорување на Уставно и законски утврдени овластувања.

Оспорениот член од Законот го уредува начинот на работењето во случај на спреченост и отсуство на членот на Владата кој е во согласност со оспорените членови во Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓу другото, е утврдено владеењето на правото.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 89 од Уставот е предвидено дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер", во Уставот се користи и терминот „член на Владата".

Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри.

Врз тие основи, со одделни одредби од законот се упатува на поблиско операционализирање и доразработка на одделни прашања, поими и термини, дотолку повеќе што истите се доразработени и со Законот за организација и работа на органите на државната управа.

Со Законот за Владата на Република Македонија, како што напред е веќе наведено, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при

што во член 19 став 2 од Законот е уредено дека во случај на спреченост и отсуство на членот на Владата, на седницата на Владата може да присуствува и одлучува заменикот на министерот кој го заменува членот на Владата со сите негови права, должности и одговорности и истиот се засметува во мнозинството присутни како да е присутен членот кој го заменува.

Во основниот текст на Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 59/2000), во Глава V- Начин на работа на Владата - членот 19, гласи:
(1)По прашањата од својата надлежност Владата работи и одлучува ако на седница присуствуваат повеќе од половина членови на Владата.
(2)Седниците на Владата редовно ги свикува претседателот на Владата по сопствена иницијатива или по барање од најмалку 1/3 од членовите на Владата, а може и по барање на министрите на еден од коалиционите партнери во Владата.
Имено, со член 1 од Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија" број 139/2014), во членот 19 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:
(2)Во случај на спреченост и отсуство на членот на Владата, на седницата на Владата може да присуствува и одлучува заменикот на министерот кој го заменува членот на Владата со сите негови права, должности и одговорности и истиот се засметува во мнозинството присутни како да е присутен членот кој го заменува.
Ставот (2) станува став (3).

Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија е заснован на истите начела согласно кои е донесен Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11 и 15/13).

Со предложените измени се допрецизира членот 19 кој има за цел точно да се утврдат правата и обврските на замениците на министрите во случај на отсуство на член на Владата бидејќи доколку заменик министерот присуствува на седница на Владата нема причина да му се ограничи правото да гласа а се со цел поефикасно работење на Владата на Република Македонија.

Согласно член 48 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), заменикот го заменува министерот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

Имено Собранието на Република Северна Македонија, даде автентично толкување на членот 48 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19).

Одредба треба да се толкува така што под термините „други причини“ и „сите негови овластувања и одговорности во раководењето“ се подразбираат околности во кои заменикот министер, во случаи кога министерот е разрешен или поднел оставка, може да ги презема сите овластувања и одговорности, односно заменикот министер може да поднесува подзаконски прописи и други акти за кои во закон е утврдено овластување за нивно донесување од министерот, како и тоа дека може да врши и други овластувања, права, должности и одговорности кои согласно со закон се во надлежност на министерот.

Членот 19 од Законот за дополнување на Законот за Владата на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија“ број 139/2014), е во директна корелација со автентично толкување на членот 48 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), дадено од Собранието на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите на Законот за Влада на Република Македонија се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 92 и членот 94 од Уставот.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 19 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19).

## Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.260/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за избор на Владата на Република Северна Македонија, бр.08-2744/1 од 30 август 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.210/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на Одлуката за избор на Влада на Република Северна Македонија, бр. 08-2744/1 од 30 август 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 210/2020), дека истата не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 61 став 2, членот 62 став 5, членот 90 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.91/2008, 119/2010 и 23/2013), согласно што бара Уставниот суд да ја поништи оспорената Одлука, и до донесувањето на конечната Одлука да

донесе решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што ги презема и донесува Владата на Република Северна Македонија.

Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за поништување на оспорената Одлука за избор на Влада на Република Северна Македонија и донесување на решение за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија што ги презема и донесува Владата на Република Северна Македонија, е беспредметно и противречно, на Законот за Собранието на Република Македонија од причина што со членот 5 став 5 изрично е определен начинот, постапката за верификација, како и причините поради кои Собранието може да не го верификува мандатот на пратеникот се уредува со Деловникот. Согласно ова, конститутивната седница на Собранието и верификацијата на мандатот на пратениците се уредени во Глава II точка 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Целта на донесувањето на Одлуката за избор на Влада на Република Северна Македонија, бр. 08-2744/1 од 30 август 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 210/2020) е создавање на непречено функционирање на државата и државните институции согласно домашните и меѓународни стандарди.

Имено, избор на Влада е највисока форма на директна демократија, особено заради темелната вредност владеење на правото и поделба на власта на законодавна, извршна и судска, а поради потребата за извршување на надлежностите, без да се остави простор за сомнеж за пречекорување на Уставно и законски утврдени овластувања.

Дел од оспорените членови од Одлуката го уредуваат начинот и условите за избор на пратеници врз основа на закон и Устав.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓу другото, е утврдено владеењето на правото. Токму заради владеење на правото е определен соодветниот начин на организирање на изборите. Имено, соодветно организирање на изборен процес за избор на членови на законодавниот дом е conditio sine qua non за гаранција на оваа темелна вредност.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Согласно член 61 став 2 од Уставот, во Република Северна Македонија организацијата и функционирањето на Собранието се уредуваат со Уставот и со Деловникот на Собранието на Република Македонија. Во Деловникот се уредуваат организацијата и функционирањето и на работните тела на Собранието.

Согласно член 62 став 5 од Уставот, во Република Северна Македонија со закон донесен со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници се уредува начинот и условите за избор на пратениците.

Согласно член 90 став 3 од Уставот, во Република Северна Македонија на предлог на мандатарот Владата ја избира Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Оттука, мора да се има предвид и Законот за организација и работа на органите на државната управа. Имено членот 1 предвидува дека со овој закон се уредуваат организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа. Согласно членот 13 став 5 од истиот закон Органите на државна управа како дел од извршната власт постапуваат во рамките на своите надлежности и даваат мислења врз основа на иницијативи за решавања на прашања во областа за кое е основано. Мислење за работата на Собранието и за спроведување на деловникот не можеме да дадеме. Владата на Република Северна Македонија нема надлежност да врши надзор над примената на Деловникот и да дава појаснувања во врска со неговата примена. Тоа прашање е уредено во Уставот и Деловник на Собранието на Република Северна Македонија.

Според Уставот на Република Северна Македонија поделбата на власта е на законодавна, извршна и судска. Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт. Извршната власт не може да навлегува во работата на законодавната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите. Организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон. Уставот предвидува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Во Уставот како највисок правен акт не е можно да се дефинираат сите детали за работењето на Владата, туку тој ги дава само начелните рамки за нејзиното функционирање. Понатаму овие уставни одредби се доразработуваат со закон. Имено, со Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) во член 1 е предвидено дека со овој закон се уредуваат организацијата, начинот на работа и надлежноста на Владата на Република Македонија.

Потребно е да се потенцира дека Уставот не е акт кој ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на надлежноста на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон.

Основен принцип во организацијата и вршењето на власта е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, со што се исклучува можноста со акти на носителите на уставно утврдените функции на власта да се менуваат со Устав утврдените односи во рамките на принципот на поделба на власта и на посебните облици на неговото остварување. Во тие рамки, вршењето на законодавната функција Уставот не го утврдува само како право, туку и обврска за Собранието, која не може, надвор од случаите утврдени со Уставот, со закон да се пренесува ниту на

еден друг орган, па ниту на Владата. Со Уставот Владата е утврдена како носител на извршната власт, која покрај другите со Устав утврдени надлежности што произлегуваат од нејзината положба на носител на извршната власт, ја утврдува политиката на извршувањето на законите и другите прописи на Собранието и е одговорна за нивното извршување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Одлуката за избор на Влада на Република Северна Македонија, бр. 08-2744/1 од 30 август 2020 година, е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 61 став 2, членот 62 став 5, членот 90 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 17 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2008, 119/2010 и 23/2013), поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за избор на Влада на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 210/2020).

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот македонски конгрес, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.269/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 154/19) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на иницијативата ја оспорува уставноста на член 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) дека истиот не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXШ, членот 92 и членот 94 од Уставот на Република Северна Македонија, согласно што бара Уставниот суд да го поништи оспорениот закон, и до донесувањето на одлуката да донесе времена мерка за штетните последици.
Наводите изнесени во Иницијативата се неосновани. Воедно, барањето на подносителот за времена мерка е беспредметно и противречно.
Со член 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа е уредено:
„(1) Собранието на Република Македонија именува и разрешува заменик на министерот на соодветното министерство на предлог на претседателот на Владата на Република Македонија.
(2) Заменикот го заменува министерот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.
(3) Заменикот во соработка со министерот врши работи од надлежност на

министерот што тој ќе му ги довери.“

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок меѓу другото, е утврдено владеењето на правото.

Согласно член 51 став 1 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Со членот 88 од Уставот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија е носител на извршната власт. Своите права и должности Владата ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Член 89 ставот 1 од Уставот предвидува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри, а согласно ставот 6 „организацијата и начинот на работата на Владата се уредува со закон“. Во Уставот како највисок правен акт се утврдени само начелните рамки за функционирањето на владата, а организацијата и начинот на работа се уредува со закон.

Со член 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа се уредуваат организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа. Според член 5 став (1) од истиот закон органите на државната управа, можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации. Член 47 став (1) утврдува дека со работата на министерството раководи министер. Овој закон со член 48 прецизно предвидел можност за именување и разрешување на заменик на министерот и детално уредил кога истиот го заменува министерот.

Со Уставот јасно е определена положбата на Владата и се утврдени нејзините права и должности. Владата е носител на извршната власт и своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и закон. Уставот е акт кој не ги исцрпува сите можни ситуации за органите на власта. Согласно на ова произлегува уставноста на организацијата на Владата, која освен со Уставот, се утврдува и со закон.

Во однос на составот на Владата (член 89 став 1), Уставот утврдува дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Покрај употребата на терминот „министер“, во Уставот се користи и терминот „член на Владата“. Рамката за институционална организација на извршната власт е поставена во Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за Владата. Прашањето од постоење на заменици министри е прашање на организација на Владата. Со Законот за Владата на Република Македонија, се уредуваат правата и должностите на претседателот и членовите на Владата, при што во член 16 од Законот е уредено дека претседателот на Владата од редот на министрите определува заменици, дека претседателот на Владата го заменува неговиот заменик и дека претседателот на Владата може да им довери на замениците вршење на одделни работи што произлегуваат од неговите

права и должности. Со Законот за организација и работа на органите на државната управа, поточно со членот 48, кој е прецизен и јасен, со став 1 е уредено именувањето и разрешувањето на заменик на министерот. Одредбата од овој член став (2) гласи „Заменикот го заменува министерот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето." Собранието на Република Северна Македонија даде автентично толкување на ставот 2 од членот 48 и истиот треба да се толкува така што под термините „други причини" и „сите негови овластувања и одговорности во раководењето" се подразбираат околности во кои заменикот министер, во случаи кога министерот е разрешен или поднел оставка, може да ги презема сите овластувања и одговорности, односно заменикот министер може да поднесува подзаконски прописи и други акти за кои во закон е утврдено овластување за нивно донесување од министерот, како и тоа дека може да врши и други овластувања, права, должности и одговорности кои согласно со закон се во надлежност на министерот.

Во однос на прашањето на организација на Владата, тргнувајќи од содржината на член 89 ставот 6 од Уставот, јасно произлегува дека организацијата на Владата се уредува со закон, што значи дека определбата на законодавецот не излегува надвор од уставните рамки, дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Врз тие основи, со одделни одредби од закон се упатува на поблиска детална разработка на организацијата на Владата (министрите и замениците) и на одделни поими и термини, и правото на вршење на одделни работи.

Членот 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) својата оправданост ја има во тоа што со него законодавецот уредува подобра организација и зголемување на ефикасноста во функционирањето на Владата, односно на министрите-со предвиденоста на замениците на министрите.

Оспорениот член од овој закон го уредува оперативното работење на Владата и истиот се однесува на разработување на уставните одредби и утврдување на организацијата и начинот на работа на Владата и министрите.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека член 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и не се повредуваат принципите содржани во членовите 8 став 1 алинеја 3, членот 51 став 1, членот 89 со Амандманот XXIII, членот 92 и членот 94 од Уставот.

Врз основа на горенаведеното Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 48 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен

весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19).

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Адвокат Игор Спировски од Скопје доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.298/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставност и законитост на член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување бидејќи наведената одредба е спротивна на член 8 став 1 алинеи 3 и 6, член 9 и член 30, член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна Македонија.

Спред член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во член 52 став (1) на овој закон од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати. Определената највисока пензија повторно не се определува и понатаму се усогласува со процентот со кој се усогласуваат и другите пензии.

Согласно наводите дадени во Иницијативата, подносителите сметаат дека ограничувањето на највисоката пензија која се однесува само на осигурениците од првиот столб било замислено како преодно решение. Но со оглед на тоа што ситуацијата во која што постојат осигуреници само во првиот столб ќе траела три децении, подносителите сметаат дека оспорениот член 230 од Законот има системски, материјално-правен карактер со трајни дискриминаторски и имотни последици на штета на овие пензионери. Подносителите укажуваат дека во системот на осигурување кој што се темели на принципот на комутативна правда, остварената старосна пензија претставува право од имотен, материјален карактер што е стекнато врз основа на лични вложувања на придонеси од плата на пензискиот осигуреник и многу зависи од остварените плати за време на работниот век.

Оспорената одредба од членот 230 од Законот според подносителите на иницијативата, пропишувала ограничување на правото на пензија како стекнато (остварено) имотно право во согласност со законот, при што таквото ограничување било пропишано само за една група осигуреници во рамките на системот на задолжителното пензиско осигурување, поради што постоел различен третман на осигурениците.

Во однос на несогласноста на оспорената одредба со член 8 став 1 алинеи 3 и 6 и со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, според мислењето на подносителите на иницијативата, остварената пензија, претставувала „сопственост“ во смисла на членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, но и согласно Европскиот суд за човекови права, кој правото на пензија го опфаќа под поимот „имот“ односно „сопственост“ чие мирно уживање го гарантира член 1 од Протоколот бр.1. (Kjartan Asmundsson v. Iceland, 12.10.2004). Според подносителите на иницијативата, пропишувањето на највисок износ на пензија за осигурениците со оспорениот член 230 од Законот претставувало ограничување на нивното право на сопственост на остварената пензија, гарантирано со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, но јавниот интерес за таквото ограничување не можел да се согледа од самиот Закон од причина што во ниту еден член законодавецот не утврдил која потреба во јавен интерес се задоволува со ограничувањето на исплатата на остварената пензија за осигурениците од првиот столб, односно за кои цели се искористуваат „заштедите“ што се добиваат од лимитирањето на исплатата на остварената пензија. Поради отсуството на „јавен интерес утврден со закон“ како основа за ограничувањето на правото на сопственост на пензијата, подносителите заклучуваат дека оспорениот член од Законот не е во согласност со членот 30, како и со член 8 став 1 алинеи 3 и 6 од Уставот на Република Северна Македонија. Ограничувањето на исплатата на пензијата остварена според условите во Законот на една мала група осигуреници со повисоки плати, според подносителите на иницијативата било арбитрарно, без објективно и разумно оправдување, затоа што на противречен начин го поткопувало основниот принцип на пензиското осигурување утврден со Законот – дека пензиите се утврдуваат врз основа и во зависност од платите и придонесите од плата и дека пензискиот систем заснован на таа претпоставка е одржлив.

Во однос на несогласноста со членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, во Иницијативата се наведува дека оспорената одредба пропишувала различен третман на осигурениците во рамките на пензискиот систем што одел во два правци – овие осигуреници се третирале различно во однос на другите осигуреници кои останале само во првиот столб, а кои оствариле пензија под законскиот максимум и го добивале целиот износ на остварена пензија и, второ, осигурениците од првиот столб се третирале различно од осигурениците на двата столба, со оглед на тоа што за осигурениците во вториот столб не постоело ограничување на исплатата на остварената пензија.

Во член 8 став 1 алинеи 1, 3, 6 и 8 од Уставот се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото, правната заштита на сопственоста и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Според членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и

верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и законите се еднакви.

Членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија го гарантира правото на сопственост и правото на наследување и определува (во ставот 3) дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Членот 34 од Уставот на Република Северна Македонија предвидува дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор, а со членот 35 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјалната праведност.

Согласно член 2 став (1) алинеја 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, системот на пензиското и инвалидското осигурување покрај другото е составен и од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, односно втор столб. Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску се уредени со посебни закони.

Согласно член 3 од истиот закон, со вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Согласно член 4 од истиот закон правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Согласно наведените уставни и законски одредби произлегува дека законодавецот има уставен основ да го определува нивото на социјалната сигурност на граѓаните, па определувањето на висината на пензијата е во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера.

Според основните одредби на Уставот на Република Северна Македонија, Република Северна Македонија покрај другото е и социјална држава, а како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Во Република Северна Македонија пензиското и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија"

бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08,48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 44/14, 192/15, 30/16, 28/18, 245/18 и 180/19), Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, и 17/11 и 13/13) и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија бр.11/12, 147/15 и 30/16).

Од 1 јануари 2006 година започна да се имплементира реформираниот пензиски систем, како важен сегмент од социјалната политика на Република Северна Македонија. Во пензискиот систем се внесе и капитално финансирана компонента, односно покрај државната пензија се создава и правна рамка за остварување и на ануитет во зависност од уплатениот придонес и приносот остварен во текот на работниот век. Законот за пензиското и инвалидското осигурување се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните согласно член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, начелото на социјална праведност за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување и членовите на нивните семејства. Исто така, во овој закон е содржано и начелото на генерациска солидарност, покрај капитално финансираната компонента. Оттука неосновани се наводите во Иницијативата дека Законот за пензиското и инвалидското осигурување не одговара на уставниот концепт за социјална праведност пред се поради фактот што во член 3 од Законот е дефиниран опфатот на правата преку социјалната праведност и генерациската солидарност. Понатаму во останатите одредби детално се разработуваат сите права од пензиското и инвалидското осигурување.

Со членот 230 и понатаму се задржува институтот највисока пензија, и тоа за осигурениците кои нема да пристапат во капитално финансирано пензиско осигурување (II пензиски столб). Единствена измена кај највисокиот износ на старосна пензија е нејзиното постепено намалување и тоа по 2015 година но не повеќе од процентите утврдени со членот 52 од Законот кои се однесуваат на определување на висината на инвалидската пензија во случај на повреда на работа. Истовремено, намалувањето на процентите при определување на највисокиот износ на пензија се резултат на параметричките реформи, при што за осигурениците кои ќе останат во системот на задолжително пензиско и инвалидско осигурување се постепено намалува процентот за определување на висината на старосната пензија. Ова решение беше содржано и во претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување кој се применуваше до 8 август 2012 година, односно членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во текстот на иницијативата, подносителот навел дека со оспорените законски одредби се нарушува уставното начело на социјална праведност, но согласно наведените законски одредби произлегува дека оспорената законска одредба е одраз токму на ова начело, а истовремено и на социјалниот карактер на Република Северна Македонија утврден во член 1 од Уставот на Република Северна Македонија, како и на темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија – хуманизмот, социјалната правда и солидарноста утврдени во

членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија. Имено, утврдувајќи ја највисоката пензија законодавецот се раководел токму од начелото на социјалната праведност со цел во случај на настапување на некој од осигурените случаи (старост, инвалидност и смрт на осигуреникот) пензијата на одделни работници, односно осигуреници да се определува зависно од реалните финансиски можности на Републиката, а не од нивната пензиска основа, а притоа и со вака определената пензија на оваа категорија граѓани да не им се наруши материјалната и социјалната сигурност.

Освен тоа, ако оспорениот член од Законот интегрално се интерпретира со членот 226 од истиот закон, според кој на корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги оствариле пред денот на влегување во сила на овој закон, тие права се обезбедуваат и по денот на примената на овој закон во ист обем и висина и се усогласуваат според одредбите на овој закон, сосема е јасно дека со оспорениот член не се врши намалување, односно ограничување на највисоката пензија на корисниците туку напротив, со него се утврдува нов режим за определување на највисоката пензија кој ќе важи во иднина, за идните пензионери.

За истата управна работа Уставниот суд на Република Северна Македонија веќе има донесено решенија со кои не се поведува постапка за оценување на уставноста на членот 230 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, и тоа: решение У.бр. 142/2012, У бр. 75 од 29.11.2017 година и У.бр. 103/2007 од 20.12.2017 година и У.бр. 115/2017. Според Уставниот суд на Република Северна Македонија неспорно е дека законодавецот има уставен основ да го определува нивото на социјална сигурност на граѓаните преку изграден систем на пензиско и инвалидско осигурување и во таа смисла да ја димензионира висината на старосната пензија и истовремено да ги определува критериумите и параметрите за утврдување на висината раководејќи се од начелото на социјалната сигурност.

Исто така треба да се спомене дека согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 247/18) се предвидува највисока основица за плаќање на придонес и од 2018 година највисоката месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси е износот од шеснаесет просечни плати. Согласно ова одредба придонесот од плати не се исплатува на реално исплатена плата туку највисоката основица за плаќање на придонесот е лимитирана.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се укажува дека оспорените одредби од член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 180/19, 275/19, 31/20 и 267/20) се во согласност со член 8 став 1 точка 8, член 9 и член 30, во врска со член 34 и член 35 од Уставот на Република Северна

Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од наведениот закон.

## Точка 53

1. Владата го отповика Марко Ѓоргиевски од должноста независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални Енергетски Ресурси Скопје во државна сопственост.

2. Владата го разреши д-р Дарко Данев од должноста член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија-претставник од универзитетите, на негово барање.

3. Владата го разреши Зоран Стојановски од должноста директор на Воспитно-поправна установа Воспитно поправен дом-Тетово, на негово барање.

4. Владата го именува Даниел Антоски за вршител на должноста директор на Воспитно-поправна установа, Воспитно поправен дом-Тетово и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата донесе Решение за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација.

6. Владата се информираше за оставката на Дарио Николовски од должноста директор на Државниот студентски дом „Скопје“ во Скопје и заклучи да му препорача на Управниот одбор на Државниот студентски дом „Скопје“ во Скопје за вршител на должноста директор на Државниот студентски дом „Скопје“ во Скопје да го именува Виктор Велевски.

7. Владата се информираше за донесените одлуки на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за разрешување на Лидија Димова и именување на Марко Ѓорѓиевски за вршител на должноста директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за време до изборот на директор, а најдолго за шест месеци.

8. Владата донесе Решение за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација.

## Точка 54

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на

влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 25 ноември 2020 година до 1 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 27 ноември 2020 година до 3 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата заклучи АД ТЕЦ Неготино во најкус можен рок да започне постапка согласно Законот за јавните набавки за избор на економски оператор кој ќе изработи физибилити студија за оправданоста за доделување на Договор за јавно приватно партнерство или евентуална продажба на АД ТЕЦ Неготино, која да биде во согласност со Законот за концесии и јавното приватно партнерство.

**4.** Владата го разгледа Известувањето за потребата од продолжување на рокот за доставување на Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права под бр.53-11907/1 од 27 ноември 2020 година и заклучи Заклучокот број 13 од Нацрт – записникот од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година (точка 88) - Информација за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 февруари 2020 година во Брисел, да се измени и да гласи:

„13. Се задолжува Министерството за култура да го усогласи Предлог-законот за изменување на Законот за авторското право и сродните права со заинтересираните страни (носителите на права и корисниците) и да го достави во владина процедура на усвојување до крајот на март 2021 година.“.

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за одржување на првата заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово и притоа заклучи:

1) Ја усвои Информацијата за одржување на првата заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, која е планирана да се одржи на 25 јануари 2021 година во Скопје, објект на Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжуваат сите релевантни министерства до Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, во рок од пет дена да достават предлози за можни прашања, теми за разговор, договори и меморандуми кои ќе бидат на дневен ред за потпишување на заедничката владина средба меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово.

3) Се задолжуваат сите министерства кои ги имаат подготвено договорите и меморандумите за потпишување, согласно Точка 31: Информација за одржување на првата заедничка седница на Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово, усвоена на Сто триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јуни 2019 година, истите да ги достават до Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

**6.** Владата по Информацијата во врска со постапката за набавка на перки од носечки ротор за хеликоптер МИ-24В го задолжи Министерството за надворешни работи до крајот на оваа недела да го информира Министерството за одбрана за евентуални ограничувања при ваков вид на трговска размена или санкции за реализирање на ваков тип на набавка со Руската Федерација.

**7.** Владата го задолжи АД „ЕСМ“ – Скопје, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, поради специфичноста на проектот да започне конкурентна постапка со преговарање, согласно Законот за јавни набавки, со цел избор на трансакциски советник во тендерската постапка за изградба на ХЕЦ „Чебрен“.

**8.** Владата го одложи разгледувањето на:

1) Предлог-одлуката за финансиска поддршка на филмски работници,

2) Предлог-одлуката за финансиска поддршка на уметници и на културни работници и

3) Предлог-заклучокот по Барањето на корисникот/закупец на АКВА ПАРКОТ во Салата Борис Трајковски, „УНИМЕРКАНТ“ ДООЕЛ од Скопје, а поради добрата деловна соработка во изминатиот период и влијанието на КОРОНА кризата, по иницијатива на салата „Борис Трајковски“, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања (материјалите да се споделат со ресорните министерства чии области/дејности добиваат дополнителна финансиска поддршка).

Исто така, материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Бразилија на адреса: „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000

Brasilia“, доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи да продолжи со активности за решавање на статусот на имотот во Бразилија на адреса: „Avenida das Nacoes, lote 15, CP 1240, 700000 Brasilia“, доделен на Република Северна Македонија од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ, согласно предлогот за реновирањето и адаптацијата на објектот и преселба на Амбасадата на Република Северна Македонија и еден стан за дипломат во истиот, со можност понатаму да се изгради помал објект за резиденција и стан за домар на плацот.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог активности за решавање на статусот на имотот-градежен плац во Анкара во дипломатската населба Оран, добиен во сопственост на Република Северна Македонија врз основа на Протокол за реципрочна размена на плацови за градба на дипломатски објекти од 1997 година со Република Турција, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи да продолжи со активности за решавање на статусот на имотот во Анкара во постапка со воспоставување на Јавно-приватно партнерство, со опција Република Северна Македонија во својство на јавен партнер претставувана од Министерството за надворешни работи да го отстапи целиот плац во сопственост на заинтересиран приватен партнер, кој за возврат би отстапил во сопственост на Република Северна Македонија соодветни простории во ново-изградените градежни структури од негова страна, за ДКП на Република Северна Македонија во Анкара, резиденција за амбасадор и станови за вработени.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог активности за решавање на статусот на имотот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за надворешни работи да продолжи со активностите за решавање на статусот на имотот во Цирих на адреса: „Eidmattstrasse 33, CH-8032 Zurich“, добиен од сукцесија на дипломатско-конзуларниот имот на поранешната СФРЈ во сопственост на Република Северна Македонија, согласно опцијата 1 од Информацијата.

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2020/2021 година, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2020 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 61**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за поддршка на граѓаните и бизнисите во справување со корона кризата , со предлог – одлуки, поради потребата од дополнителни усогласувања (материјалот со табеларен преглед да се сподели со ресорните министерства чии области/ дејности добиваат дополнителна финансиска поддршка).

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |